**ПОВИК ЗА АНГАЖМАН НА КОМПАНИЈА**

**СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНКЕТА ПРЕКУ ТЕЛЕФОН СО КОМПЈУТЕРСКА АСИСТЕНЦИЈА (CATI) И ИНТЕРВЈУА СО ЖЕНИ**

**„Посилен систем за поправедна здравствена заштита: Намалување на корупцијата“**

Здравствениот систем во Северна Македонија со години се соочува со сериозни предизвици поврзани со коруптивни практики, кои го намалуваат квалитетот и достапноста на здравствените услуги. Истражувањата укажуваат дека граѓаните, а особено жените од маргинализираните заедници, често се изложени на директни или индиректни барања за неформални плаќања, непотизам и дискриминација при пристапот до здравствена заштита. Овие појави не само што ја поткопуваат довербата во институциите, туку создаваат дополнителни бариери за еднаков пристап до основното човеково право – здравје.

Корупцијата во здравството има и изразена родова димензија. Жените, особено оние кои живеат во сиромаштија, во рурални средини или кои припаѓаат на ромската заедница, се соочуваат со двојна нерамноправност: од една страна поради нивниот економски и социјален статус, а од друга поради родовите стереотипи и дискриминаторските практики во институциите. Непостоењето ефикасни и доверливи механизми за пријавување дополнително ја засилува нивната ранливост и создава чувство на беспомошност.

Постоечките механизми за пријавување корупција се недоволно функционални, со ограничена транспарентност и слаб капацитет за постапување. Институциите ретко обезбедуваат јасни информации и поддршка за граѓаните, а здравствените работници немаат соодветна обука за етичко постапување и справување со случаи на корупција. Истовремено, јавната дебата за оваа тема останува ограничена, а медиумите често известуваат на начин кој не ги препознава родовите аспекти и штетните последици за ранливите групи.

Проектот „Посилен систем за поправедна здравствена заштита: Намалување на корупцијата“ е дизајниран да одговори токму на овие проблеми. Тој има за цел да ја зголеми отчетноста и транспарентноста во здравствениот систем преку зајакнување на жените и граѓаните да пријавуваат корупција, јакнење на капацитетите на здравствените работници за препознавање и превенција на коруптивни практики и зајакнување на институционалните механизми за постапување. Преку едукативни активности, јавни кампањи и застапувачки иницијативи, проектот ќе придонесе кон создавање систем во кој граѓаните ќе имаат доверба дека нивниот глас е слушнат, а нивните права се заштитени. Проектот е поддржан одФранцуската Развојна Агенција - Expertise France.

### 1.1. Ангажман и работни задачи

Компанијата ќе биде ангажирана за спроведување на истражувања во рамки на проектот. Ангажманот опфаќа две задачи:

**Задача 1: Спроведување на анкета преку телефон со компјутерска асистенција (CATI)**

Компанијата ќе биде задолжена за:

- Техничко ревидирање на прашалникот.
- Изготвување на скрипта (програмски прашалник).
- Обука за анкетари.
- Изготвување на дата база во SPSS и Excel.
- Спроведување на анкетирањето на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници низ цела Северна Македонија.
- Валидизација (чиста и лабелирана дата база).
- Обработка на податоците: фреквенции и вкрстени табели, со родова перспектива.
- Подготовка на наративен извештај на македонски јазик со графички прикази.
- Интегрирање на наоди од фокус групи (доставени од Здружение ЕСЕ).

**Задача 2: Спроведување на интервјуа со жени**

Компанијата ќе биде задолжена за подготовка и спроведување на **60 полу-структурирани интервјуа со жени (10 во секоја од шесте таргетирани општини)**, со цел да се соберат длабински податоци за нивните искуства со корупција во здравствениот систем и бариерите за пријавување.

Во рамки на задачата компанијата ќе биде задолжена за:

- Подготовка на водич за интервјуа и организација на логистиката.
- Спроведување на 60 интервјуа на терен (Тетово, Куманово, Штип, Свети Николе, Прилеп и Битола) со помош на ГО, партнери во спроведување на проектот
- Печатење на материјали потребни за спроведување на интервјуата
- Транскрипција и обработка на податоците.
- Подготовка на резиме со клучни наоди што ќе бидат интегрирани во сеопфатниот извештај.

### 1.2. Очекуван резултат

**Задача 1**

- Спроведено телефонско анкетирање (CATI) на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници.
- Прибрани и достапни податоци во дата база (SPSS, XLSX и CSV формат), валидизирани, чисти и лабелирани.
- Подготвен наративен извештај на македонски јазик со графички прикази, кој ги вклучува и наодите од фокус групите.

**Задача 2**

- Спроведени 60 полу-структурирани интервјуа со жени (10 во секоја од шесте таргетирани општини).
- Изготвени транскрипти и обработени податоци од интервјуата.
- Подготвено резиме со клучни наоди од интервјуата со жени.

### 1.3. Квалификации

- Регистрирано правно лице со дејност во областа на спроведување на истражувања.
- Минимум 5 години искуство во спроведување на истражувања помеѓу население.
- Докажано портфолио на спроведени истражувања.
- Искуство со теренски истражувања и работа со ранливи групи.
- Способност за работа во договорени рокови и координација со проектен тим.

### 1.4. Времетраење

Ангажманот е предвиден да трае **девет месеци**, започнувајќи од септември 2025 година, со следна временска рамка:

- **септември–октомври 2025**: CATI подготовка и анкетирање (ревидирање прашалник, скрипта, обука, база, анкета).
- **ноември 2025**: Обработка на податоци од CATI, фреквенции и вкрстени табели.
- **декември 2025**: Подготовка на наративен извештај (со графички прикази и интегрирани наоди од фокус групи).
- **јануари – мај 2026**: Подготовка и спроведување на 60 интервјуа со жени, транскрипција, обработка и резиме со наоди.

### 1.5. Потребна документација за аплицирање

Заинтересираните компании треба да достават:

- Кратка презентација на компанијата.
- Листа на лица кои ќе бидат назначени за работа на проектот (со краток опис на улога и релевантно искуство).
- Портфолио на реализирани истражувања и клиенти.
- Тековна состојба од Централен регистар.
- Понуда во табеларна форма со детални цени за двете задачи (CATI анкета и интервјуа со жени), со вкупна цена без ДДВ.

### 1.6. Критериуми за селекција

- Најмалку 5 години искуство и оперативност на компанијата.
- Лица назначени на проектот со најмалку 5 години релевантно искуство во спроведување истражувања, обработка на статистички податоци и изработка на извештаи.
- Квалитет и релевантност на портфолиото.
- Најповолна понуда (цена и квалитет).
- Искуство во работа со граѓански организации и донаторски проекти.

### 1.7. Начин и рок за аплицирање

Потребната документација да се достави во **PDF формат** по електронска пошта на адресата **esem@esem.org.mk**, со назнака: *„Повик за ангажман на компанија за спроведување на истражувања (CATI анкета и интервјуа со жени) – проект 'Посилен систем за поправедна здравствена заштита: Намалување на корупцијата"*

Краен рок за доставување на документите е **10 септември 2025 година**.